СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08- 5740 /26
27.09.2021 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 62 -рата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 29.09.2021 година

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 62-рата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.
На седницата присуствуваат 19, отсутни нема .
Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.
Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од Шеесетта седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 27.08.2021 година.
Дали има забелешки по Записникот од 60-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.
Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 60-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.
Констатирам дека е усвоен Записникот од 60-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.
Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :

## **Д н е в е н р е д**

1. Предлог –Одлука за отстапување на ЈП..Комуналец,, Кавадарци на управување и одржување на водоводни линии и атмосферска канализација на ул.„Клинска“ и дел од ул.Методија Џунов Џикот“ Кавадарци;

2.Предлог –Одлука за донесување на техничка исправка на урбанистички план за ГП 05.09.18 од Детален Урбанистички План за дел од УЕ5, Блок 5.9, „Вељко Влаховиќ“ КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци со тех.бр.0801-646/19 (донесен со Одлука бр.08-4738/1 од 30.07.2021 година),Изработена од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје;

3. Предлог – Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;

4 Предлог – Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштетео;

5. Предлог – Одлука за примање донација – изразена како превоз од страна на Друштво за производство трговија и услуги "Кожувчанка" ДОО увоз-извоз Кавадарци;

6. Извештај за работењето на Здружението за заштита на животни „ШЕПИ 2021"

7. Извештај за работењето на ЈП"Мито Хаџивасилев- Јасмин" Кавадарци за период од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година донесен на седница на Управен одбор на ЈП"Мито Хаџивасилев- Јасмин" Кавадарци со арх.бр.02-55/3 од 14.09.2021 година;

8. Одлука за утврдување на цена за вршење на услуги со специјално возило Пајак надвор од териоријата на Општина Кавадарци , донесена на седница на Управен одбор на ЈП"ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци со арх.бр.02-1948/3 од 30.08.2021 година .

9.Годишен Извештај за работа на ООУ "Тошо Велков Пепето" Кавадарци за учебната 2020/2021 донесен од Училишен одбор на ООУ "Тошо Велков Пепето "Кавадарци*;*

10.Годишен Извештај работа на ООУ "Гоце Делчев" Кавадарци за учебната 2020/2021 донесен од Училишен одбор на ООУ "Гоце Делчев"Кавадарци;

11. Годишен Извештај за работа на ООУ "Тоде Хаџи Тефов" Кавадарци за учебната 2020/2021 донесен од Училишен одбор на ООУ "Тоде Хаџи Тефов"Кавадарци;

12. Годишен Извештај за работа на ООУ "Димката А.Габерот" Кавадарци за учебната 2020/2021 донесен од Училишен одбор на ООУ "Димката А.Габерот"Кавадарци;

13. Годишен Извештај за работа на ООУ "Страшо Пинџур" Кавадарци за учебната 2020/2021 донесен од Училишен одбор на ООУ "Страшо Пинџур"Кавадарци;

14. Годишен Извештај за работа на ООУ "Димката А.Габерот" с.Ваташа за учебната 2020/2021 донесен од Училишен одбор на ООУ "Димката Ангелив Габерот"с.Ваташа *;*

15. Годишен Извештај за работа на ООМБУ "Лазо Мицев Рале" Кавадарци за учебната 2020/2021 донесен од Училишен одбор на ООМБУ"Лазо Мицев Рале "Кавадарци*;*

16.Годишен Извештај за работа на СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Кавадарци за учебната 2020/2021 донесен од Училишен Одбор на СОУ Гимназија „Добри Даскалов" Кавадарци;

17.Годишна Програма за работа на СОУ Гимназија „Добри Даскалов "Кавадарци за учебната 2021/2022 година, донесена од Училишен Одбор на СОУ Гимназија „Добри Даскалов "Кавадарци

18. Годишен Извештај за работа на СОЗШУ "Ѓорче Петров" Кавадарци за учебната 2020/2021 донесен од Училишен одбор на СОЗШУ „Ѓорче Петров" Кавадарци;

19.Годишна Програма за работа на СОЗШУ"Ѓорче Петров"Кавадарци за учебната за учебната 2021/2022 донесена од Училишен одбор на СОЗШУ „Ѓорче Петров" Кавадарци;

20.Годишен Извештај за работа на СОУ "Ќиро Спанџов Брко"Кавадарци за учебната за учебната 2020/2021 донесена од Училишен одбор на СОУ "Ќиро Спанџов Брко"Кавадарци

21.Годишна Програма за работа на СОУ "Ќиро Спанџов Брко"Кавадарци за учебната за учебната 2021/2022 донесена од Училишен одбор на СОУ "Ќиро Спанџов Брко"Кавадарци;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

П р е д л о г – П р о г р а м а за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2021/2022 (Зимска служба);

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за ? Едногласно ,19 за .

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка **со реден број 22.**

22. П р е д л о г – П р о г р а м а за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2021/2022 (Зимска служба);

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- П р е д л о г – О д л у к а за изменување и дополнување на Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за? 19 за. Благодарам.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка **со реден број 23.**

23. П р е д л о г – О д л у к а за изменување и дополнување на Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште.

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- П р е д л о г – Одлука за примање донација Основен Проект за реконструкција на водовод за населба Ресавски Залив.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за ? Едногласно.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка **со реден број 24.**

24. П р е д л о г – Одлука за примање донација Основен Проект за реконструкција на водовод за населба Ресавски Залив;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Кавадарци за 2021 година.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за? Едногласно.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка **со реден број 25.**

25. Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Кавадарци за 2021 година;

Дали има други предлози за измена и дополнување на денешниот изменет дневен ред.

Нема. Доколку нема одиме со гласање на вака предложениот дневен ред. Кој е за ? Едногласно.Одиме со прва точка .

1. Предлог –Одлука за отстапување на ЈП..Комуналец„ Кавадарци на управување и одржување на водоводни линии и атмосферска канализација на ул.„Клинска“ и дел од ул.Методија Џунов Џикот“ Кавадарци;

Колеги отварам расправа . За збор Туриманџов. Повели.

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Благодарам Претседателе . Почитуван Градоначалниче, служби, почитувани колеги советници поминаа 4 години од ангажманот наш како советници во Советот на Општина Кавадарци и на крајот на нашиот мандат остана истата пракса, пак немаме присутни од Комуналец , се исто . Еден апел до актуелниот градоначалник, ако го добие вториот мандат . Почитуван Градоначалниче да ја зголемите вашата активност малце повеќе во Комуналец. Зошто ? Ако ова што испадна во социјалните мрежи е така , дека зимат такви плати, а мислам дека е така, крајно несериозно, неозбилно, да немат претставник и тоа не само на овој совет , уназад, уназад, 4 години , многу ретко се они тука присутни. Дали ги срам да дојдат тука , ја незнам што е работата. Еве вака да ви кажам што ми пречe лично како човек , а после како советник , еве советници сега ќе заврше мандатот , ќе го има пак . Воа го зборувам за граѓаните на Кавадарци да го знаат. За 16.500 денари паушал си турен на ветромети секој еден да може да те пише по социјални мрежи , да те критикуе, некој ќе те пофале, а 90 % те критикуат , зошто ? Затоа што мислат дека сите проблеми што ги имаме ни се завршени , а не е така . Еве гледаме дека можиш да зимаш 50.000 денари плата во Кавадарци, 50.000 денари, да имаш кола на располагање 24/7, да имаш телефон , да правиш се што сакаш , а никој не те знае, никој. Инаку Управен Одбор во Комуналец таму мнозинството го има Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија. Сакам да ги објавите јавно да знаат луѓето кои се таму членови, дел од одговорноста за воа сносат и они, нека застанат и они на стубот на срамот , да видат малце како е. Па луѓе бре премиерот не зима толкава плата , премиерот и ни се буниме зошто луѓето не критикуат, па ќе не критикуаат, апел до сегашниот градоначалник , ако повторно биде избран. Градоначалниче сметките за вода се скапи. Напрајте нешто, наредниот совет кој ќе биде , да се намалат сметките за вода. Таму тие ликови што ги има , 10 таму колку се 12, јас се запрепастив , луѓе ја како човек се запрепастив . Ете они зошто не идат на совет. Нас тука било кој може да не критикуе во градот , зошто никој нив не ги

критикуе, никој . Стани ти бе , јавно нека те видат сите . Сите нека ги видат јавно . Нема што да се кријат. Тоа не е приватна фирма, тоа е јавно претпријатие , они зимат плата од нас , од граѓаните на Кавадарци и нема што да се срамат они за тоа.Како не се срамат ка ја зимат платата? Градоначалниче да му ги земиш службените возила . Воа ка човек ти го кажуам . Да му ги земиш службените возила . 24/7 . На прсти се бројат луѓето у Македонија што можат да користат возило .Да му ги земиш. Не може едно возило се е на Витачот паркирано. Да му ги земиш возилата. Воа ти го кажуам не ка член на партија , не ка член на совет од партија , него како човек. 50 650 денари плата . Ајде колку зимат од вас такви плати?. Кажите колку зимат од вас такви плати . Едно ќе ви кажам и граѓаните нека знаат никаде Туриманџов презиме не може да сретните во Локалната Самоуправа.Никаде. Некои ликови добро се офајдија од Комуналец. Ако е до градоначалникот и тоа нека си го изваде. Нека знаат граѓаните ако некој се офајдил од Комуналец. Први треба да бидат на тапет Надзорен Одбор и Управен Одбор со име, со презиме . Што работеше ти Управен Одбор 4 години таму ?Што работеме ни четири години тука? Сите ..сите до еден за 16 500 денари паушал да те пише по социјални мрежи, да те пише пола град , секаде , они да зимат 60.000 денари плата и ни сме му биле криви . Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги ајде вака . На првиот колега му дадиме време и повеќе, значи одиме точката за да ја прочитам уште еднаш да не имате заборавено што е .

Предлог –Одлука за отстапување на ЈП..Комуналец,, Кавадарци на управување и одржување на водоводни линии и атмосферска канализација ;

За да не ставарам тензии, првиот говорник го оставив да збори.

ТОНИ НЕШКОВСКИ: Може ли процедурално?

РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги баш тоа .

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Претседателе не ме прави дека сум до толку.Добро знам што зборувам Еден од тие што е офајден од Комуналец си и ти.

РИСТО САКАЛИЕВ: Нека е така колега и дај боже да оди така. Проблемот е друго. Сега ние не одиме по точката што ни е на дневен ред.Само момент .Токму тоа сакав да кажам .Да одиме на дневениот ред, да не се караме, значи.. ние збориме друго и ќе одиме во бесконечност . Да немаме тензии. Повели .

ТОНИ НЕШКОВСКИ: Почитувани колеги советници , почитуван Градоначалник, почитуван Претседател на совет побарав процедурално токму за ова сега претседателот што кажа процедурално ради тоа што претседателот дозволи колегата тука 10-15 минути да зборува кој колку земал плати, а имаме точка на дневен ред сосем со друга тема, дај да се држиме до точките на дневен ред . Моментално се наоѓаме во кампања за локалните избори кои што се пред нас , да не правиме тука сцени , да не собираме политички поени ова го зборувам нели лично од мое име, ама еден апел и до сите вас како советници да се држиме точно до точките на дневен ред .Комуналец како јавно претпријатие мислам дека во изминатите 8, па и повеќе години функционира феноменално.

РИСТО САКАЛИЕВ: Колега процедурално што треба да ни кажеш, не е тоа процедурално, ја наруши процедурата , немој сега да ми објаснуваш како функционира Комуналец

ТОНИ НЕШКОВСКИ: Претходниот го остави тука да зборува 15 минути , а мене ме прекинуваш .
РИСТО САКАЛИЕВ: Процедурално ми кажа што е и јас примам замерка . Доволно е .Одиме сега до бесконечност Колега не е точка сега да расправаме како функционира Комуналец .
ТОНИ НЕШКОВСКИ Комуналец не е тема на дневен ред да зборуваме
РИСТО САКАЛИЕВ Колега одиме сега до бесконечност , затоа и на претходниот колега му реков да одиме само тоа што е по дневенот ред.
ТОНИ НЕШКОВСКИ: Коректен да биде за сите .
РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги за сите ќе бидам коректен, ама нема да се борам со вас . Само момент . Ај вака .Градоначалник да видеме сите што ќе кажат да не повикуваме десет пати, одеднаш за сите . Подобро така да не се распливнуваме.Колеги ајде вака , по еден од двете страни и сега да одиме конкретно со тоа што треба да правиме . Ние спиевме 4 години, се разбудивме сега последниот ден, сите гледаме Извештај на Комуналец и се гледаме, ама готово.Одиме сега дали има некој друг збор по точката. Ако не е по точка , нема да му дадам збор. Тоа што треба по точката да дискутираме.Доколку нема , давам збор на Градоначалникот. Градоначалник повели.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседателе на Совет , почитувани советници, почитувани сограѓани и претставници на службите денешната точка е примопредавање , управување со водоводна линија и канализациона линија , која што ја изградивме со средства од 300.000 евра грант преку Светска Банка и тоа во Клинска, Методија Џунев Цико , Калница или цела оваа населба таму , тоа што беше најзначително во делот на атмосферската канализација , тој грант кој што го земавме таму, го земавме врз основа на трансарентност , успешност и објективно работење и на ЈП Комуналец и на Општина Кавадарци. Тврдам одговорно лично денеска од оваа говорница , а тоа и ќе го докажиме а може и да го проверите како советници дека последните 10 години не се покачени платите на раководителите на ЈП Комуналец. Тие плати се од 2015 година , уште пред јас да бидам Градоначалник , пред вие да бидете советници . Тие се платаите , не се покачени. За возврат на тоа , заедно со вас , со ваше гласање со едногласно , 3 пати по 10% ги покачивме платите на општите работници , му го признавме бенефицираниот стаж на работниците кои се изложени на ризик , претходно не се плаќаше тоа , к-15 редовно му е во Комуналец., тоа тврдам одговорно , така да тоа што мафтаме во социјалните мрежи со плати , е од пред вас и е врз основа на донесени одлуки. Во делот на на Управен и Надзорен Одбор на ЈП Комуналец, немам никакаво влијание , ниту пак ги познавам кои луѓе се таму , тие се доставени и именувани луѓе, именувани врз основа на одлука на Совет. Именувањето на луѓето го прави советот и ги разрешува советот, така да тука немам никакви ингеренции . Второ како советници и јас како градоначалник , да ги разграничиме појмовите плата , паушал, примање, не примање вие сте избрани , не именувани од граѓаните , избраната функција ти е јавна функција , одговорна кај што си ветувал во кампања, на твојата месна заедница , тоа и го правиме , сите негативни моменти нормално и ќе ги трпиме , затоа што ова е именувана функција , паушалот кој што го зимате како

советници или јас мојата плата како градоначалник, од која сум откажан, немам службено возило, возам приватно возило, тоа е паушал , сигурно сум се откажал од паушал , не ми е тоа плата , вие работите за..., советот не е професионална функција, не е професионален парламентарец .Во делот на плата 50.000 денара дали било плата. Да плата е многу убава плата ... дека нето просечна плата во Република Македонија ќе биде 30.000 денара . Да треба да почниме од општите работници да ги дигнеме платите . Ја викам и овие плати на општите работници се мали, дај боже да може .Како ќе преживее двочлено семејство со 40.000 денара или со 30.000 денара со двајца студенти.Треба да се дигаат плативе , не треба да сте за намалување на платите Сите раководители на сектори во цела држава, вклучувајќи го и Кавадарци , дали е Општина Кавадарци, дали е јавно претпријатие, дали е друго јавно претпријатие ги зимаат платите според закон, поготово државните службеници се усогласени со Правилникот за плати и во Општина Кавадарци раководителите на сектор со кариера и стаж идат нето плата до 50.000,52.000, 48.000 зависи кој колку му е кариера и стаж. Ниту еден раководител во ЈП Комуналец, ниту во Општина прекувремени часови не му се плаќат . Да, користат службени возила, сите службени возила имаат GPS систем, ова што го тврдите е проверлива работа, уназад 90 дена може да се провере кое возило кај се движе и кој момент и има одговорност за таа работа, ако го злоупотребе службеното возило за приватни цели,.Ја тоа што ги гледате комуналци на терен и што ги забележувате возилата е благодет на една работа, што лично земав за обврска да ги избрендираат сите возила на Комуналец, да пишува ЈП Комуналец , со лого, со брендинг и од кој сектор .Пред тоа истите возила ги возеа и повеќе , ама не беа брендирани , не ги гледавте , сега се брендирани , пише ЈП Комуналец, не можат со тоа возило да одат на свадба не можат да одат во Зоолошка во Скопје, да, движат низ Кавадарци, имаат смени , си имаат дежурства за превентива на граѓаните . Не сакам да ги правдам ниту раководителите, ниту друг да обвинам, мислам дека мора да ги разграничиме работите. Секој советник што доаѓа во Општина Кавадарци во било кој Совет треба да е свесен за последиците , треба да е свесен за сите целокупни и негативни моменти и позитивни и ја ги трпам негативните моменти и моето семејство и сите ,али ќе се трудиме заеднички да тоа го дигниме на повисоко ниво , уште од првиот ден да се договориме како советници , како градоначалник дека доколку некој биде лично напаѓан , неосновано и семејството му е доведено во ситуација кај што е, не е хумано, да реагираме заеднички , да не си дозволуваме да се деградираме и уништуваме како луѓе , пошто ако вака продолжиме, функционирањето на општеството, ќе дојдиме еден ден кога луѓе ќе немаме и за у совет и за градоначалник, никој тука не работе за плата , ниту вие како советници, ниту јас како градоначалник , тука е за плата единствено г-ѓа Ленче Чиркова, која што и е професионално заангажирана како правник и е раководител на правен сектор . Ние сме сите тука хонорарно на некој начин, така да повикувам на едно единство , на фер кампања и да не ги деградираме луѓето, а поготово да не ги заборавиме професионалните дејности. Еден раководител на сектор во Комуналец како хидроинжинер во било која институција да работи , ќе зима многу поголема

плата , она што упативте до претседателот дека и он се офајдил , јас не знам што се имаш офајдено , ако имаш нешто такво те молам дај го писмена форма и насочи ни каде, па да се провере. Јас такво нешто не знам и немам информации , така да претседателот нема ни допирни точки последните четири години со Комуналец , ниту пак смее таму да оде освен да отиде како граѓанин да испие едно кафе или да даде мотивација за работа на вработените како преседавач на советот. Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодарам градоначалник. Колега мислам дека мисле офајдувањето мое е у добивањето привилигија на зеленило, канализација , вода 24 часа. Нема да ти земам замерка што и да ми речиш ради кампања, али мислам дека мислиш позитивно. На мене реплика нема. Колега за збор или за реплика?

ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ: Почитуван Градоначалниче јас разбирам тоа, јас при излагањето не спомнав ни партија , ништо, дури моето излагање беше контра мојта партија . Ако ме слушате добро јас реков дека во Управниот мнозинство имаме ние таму, значи не ми беше планот ни да агитирам политички , ни ништо, него ми смета како човек прво. Тоа . Ми смета како човек.Гледам дека ви го сванате како политика , а не ми беше . Од овој список што го имам градоначалниче ти нас , јас стекнав доем демек ни како советници треба да се браниме. Јас немам потреба да се бранам од никој, али нели така почнаме да ви кажам. Од овој список градоначалниче се е членови и симпатизери на ВМРО Дпмне .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ај сега да влеваме партиски.

ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ: Не ми беше поентата да ширеме демагогија пред избори,ја веќе мандатот го завршив, не сум кандидат за совет .

РИСТО САКАЛИЕВ :Оваа седница нема да се пренесува во јавност , ова е само за записник.

ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ: А професионалноста ЕВН и Комуналец сите симпатизери на ВМРО Дпмне.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Добро во тој случај ..

РИСТО САКАЛИЕВ: Ај момент. Колеги да ви кажам една работа . Седницата само ради записник ја снимаме , нема да се пренесува ради кампања. Не се пренесува, нема политички поени,ова само ради записник.Одиме со гласање . Кој е за? Едногласно.

2.Предлог –Одлука за донесување на техничка исправка на урбанистички план за ГП 05.09.18 од Детален Урбанистички План за дел од УЕ5, Блок 5.9, „Вељко Влаховиќ" КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци со тех.бр.0801-646/19 (донесен со Одлука бр.08-4738/1 од 30.07.2021 година),Изработена од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје;

Отварам расправа. Доколку никој не бара збор одиме со гласање. Точката ја ставам на гласање. Кој е за? Едногласно благодарам.

3. Предлог – Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;

Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор?Не бара никој, точката ја ставам на гласање . Кој е за ? Едногласно.

4 Предлог – Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштетето;

Отварам расправа. Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање.Едногласно благодарам.

5. Предлог – Одлука за примање донација – изразена како превоз од страна на Друштво за производство трговија и услуги "Кожувчанка" ДОО увоз-извоз Кавадарци;

Ја давам на гласање . Едногласно за.

6. Извештај за работењето на Здружението за заштита на животни „ШЕПИ 2021"

Отварам расправа. Нема за збор , точката ја давам на гласање. Кој е за? Едногласно 19 за.

7. Извештај за работењето на ЈП"Мито Хаџивасилев- Јасмин" Кавадарци за период од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година донесен на седница на Управен одбор на ЈП"Мито Хаџивасилев- Јасмин" Кавадарци со арх.бр.02-55/3 од 14.09.2021 година;

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој точката ја ставам на гласање. Кој е за ? Едногласно.

8. Одлука за утврдување на цена за вршење на услуги со специјално возило Пајак надвор од територијата на Општина Кавадарци , донесена на седница на Управен одбор на ЈП"ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци со арх.бр.02-1948/3 од 30.08.2021 година .

Одиме со расправа по точка број 8. Дали некој бара збор?Не бара никој , ја ставам на гласање . Кој е за? Едногласно.

Колеги вака овие точки што се извештај за средните школи да ги читаме заедно одеднаш и одеднаш да ги гласаме . Значи годишните извештаи за школите да не ви ги читам поново.

9.Годишен Извештај за работа на ООУ "Тошо Велков Пепето" Кавадарци за учебната 2020/2021 донесен од Училишен одбор на ООУ "Тошо Велков Пепето "Кавадарци;

10.Годишен Извештај работа на ООУ "Гоце Делчев" Кавадарци за учебната 2020/2021 донесен од Училишен одбор на ООУ "Гоце Делчев"Кавадарци;

11. Годишен Извештај за работа на ООУ "Тоде Хаџи Тефов" Кавадарци за учебната 2020/2021 донесен од Училишен одбор на ООУ "Тоде Хаџи Тефов"Кавадарци;

12. Годишен Извештај за работа на ООУ "Димката А.Габерот" Кавадарци за учебната 2020/2021 донесен од Училишен одбор на ООУ "Димката А.Габерот"Кавадарци;

13. Годишен Извештај за работа на ООУ "Страшо Пинџур" Кавадарци за учебната 2020/2021 донесен од Училишен одбор на ООУ "Страшо Пинџур"Кавадарци;

14. Годишен Извештај за работа на ООУ "Димката А.Габерот" с.Ваташа за учебната 2020/2021 донесен од Училишен одбор на ООУ "Димката Ангелив Габерот"с.Ваташа ;

До тука ,бидејќи средните имаат и Програма Сите поединечно ги читаме ,а заедно ги гласаме .Дали некој бара збор? Нема . Одиме со гласање, сите одеднаш да. Кој е за ? Едногласно за . Благодарам .

15. Годишен Извештај за работа на ООМБУ "Лазо Мицев Рале" Кавадарци за учебната 2020/2021 донесен од Училишен одбор на ООМБУ"Лазо Мицев Рале "Кавадарци;

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Едногласно.

Одиме сега со средните школи .

16.Годишен Извештај за работа на СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Кавадарци за учебната 2020/2021 донесен од Училишен Одбор на СОУ Гимназија „Добри Даскалов" Кавадарци;

17.Годишна Програма за работа на СОУ Гимназија „Добри Даскалов "Кавадарци за учебната 2021/2022 година, донесена од Училишен Одбор на СОУ Гимназија „Добри Даскалов "Кавадарци

Одиме одеднаш и програмата и извештајот .

18. Годишен Извештај за работа на СОЗШУ "Ѓорче Петров" Кавадарци за учебната 2020/2021 донесен од Училишен одбор на СОЗШУ „Ѓорче Петров" Кавадарци;

19.Годишна Програма за работа на СОЗШУ"Ѓорче Петров"Кавадарци за учебната за учебната 2021/2022 донесена од Училишен одбор на СОЗШУ „Ѓорче Петров" Кавадарци;

20.Годишен Извештај за работа на СОУ "Ќиро Спанџов Брко"Кавадарци за учебната за учебната 2020/2021 донесена од Училишен одбор на СОУ "Ќиро Спанџов Брко"Кавадарци

21.Годишна Програма за работа на СОУ "Ќиро Спанџов Брко"Кавадарци за учебната за учебната 2021/2022 донесена од Училишен одбор на СОУ "Ќиро Спанџов Брко"Кавадарци;

Одиме по сите 6 точки заедничка расправа. Дали некој бара збор?Колеги кој бара збор? Одиме со точка 16 . Кој е за? Едногласно.

Точка 17. Кој е за? Едногласно.

Точка 18. Кој е за? Едногласно.

19 Едногласно.

20 Едногласно.

21 Едногласно.

Колеги одиме со точка 22.

22. Предлог – Програма за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2021/2022 (Зимска служба);
Отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој . Одиме со гласање. Кој е за? Едногласно.

23. Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште.
Кој бара збор? Не бара никој, одиме со гласање.Едногласно благодариме .

24. Предлог – Одлука за примање донација Основен Проект за реконструкција на водовод за населба Ресавски Залив;

Отварам расправа. Дали некој бара збор?Не бара никој , одиме на гласање. Кој е за? Едногласно.

25. Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Кавадарци за 2021 година;

Дали некој бара збор? Не бара, одиме со гласање. Се ивинувам , Туриманџов повели.

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Сакам да питам што беше толку хитно ваа точка и сакам да знам вае е за пожарната колку што знам . Градоначалниче дали е точно тоа ?

ГРАДОНАЧАЛНИК:Да, да. Значи пензионирање има во пожарната .Секако тоа не можеме сега да го оствариме како вработување, него е ставено за да биде после изборите веднаш , пошто пожарникарите ни се .

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Значи ја би предложил да ја отфрлиме оваа точка за наредниот совет да си ја . Добро еве јас лично ќе гласам против од принцип. Мислам дека ако родителот работел во институцијата, нема потреба и син му да работи таму.Благодарам .

РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги дали друг бара збор? Не бара никој , точката ја ставам на гласање. Кој е за? 17 за, двајца против. Благодарам.

Колеги со ова е исцрпен Дневниот ред . Се надевам дека Градоначалникот сака да ви се обрати.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван претседател на совет, почитувани советници. На последната седница на Совет на Општина Кавадарци за овој мандат сакам да потенцирам неколку работи кои го одбележаа нашето работење .Овој четиригодишен мандат завршува , останува се она што е сработено домаќински и чесно во изминативе 4 години. Овој совет работеше секогаш во интерес на граѓаните . Останавме доследни и станавме пример за тоа како треба да се работи. Партиските бариери беа надминати, секогаш кога се работеше за доброто на кавадарчани. Оваа е 62 редовна седница на Совет на Општина Кавадарци, а беа одржани 16 вонредни седници . Од почетокот на мандатот, па се до денес донесени се 1414 одлуки на Совет на Општина Кавадарци . Денес на оваа последна седница на сите ви посакувам пред се да останете во добро здравје и без разлика каде ќе продолжи вашиот пат , секогаш бидете наклонети кон општествените вредности и останете неформално да дејствувате за доброто на Општина Кавадарци.Ви благодарам.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Ристо Сакалиев с.р.